17. Cravy TV. Routine use of a lateral approach to cataract extraction to achieve rapid and sustained stabilization of postoperative astigmatism. J Cataract Refract Surg 1991;17(4):415-23.
18. Drews RC. Five year study of astigmatic stability after cataract surgery with intraocular lens implantation: Comparison of wound sizes. J Cataract Refract Surg 2000; 26:250-3.
19. Yanoff M, Duker J. Ophthalmology. Mosby, Elsevier. Third edition. 2009. Section by Emanuel S. Rosen. Refractive Aspects of Cataract Surgery p.451-7.
20. Kokhar S, Lohiya P, Murugiesan V et al. Corneal astigmatism correction with opposite clear corneal incisions or single clear corneal incision: Comparative analysis. J Cataract Refract Surg 2006;32:1432-7.
21. Mendicute J, Irigoyen C et al. Toric intraocular lens versus opposite clear corneal incisions to correct astigmatism in eyes having cataract surgery. J Cataract Refract Surg 2009; 35(3):451-8.
22. Tadros A, Habib M, Tejwani D, et al. Opposite clear corneal incisions on the steep meridian in phacoemulsification: early effects on the cornea. J Cataract Refract Surg 2004;30:414-7.
23. Mingo-Botín D, Muñoz-Negrete FJ, Won Kim HR, Morcillo-Laiz R, Rebolleda G, Oblanca N. Comparison of toric intraocular lenses and peripheral corneal relaxing incisions to treat astigmatism during cataract surgery. J Cataract Refract Surg 2010;36:1700-8.

Corresponding address:

Marta Pazos
Hospital de l'Esperança. Servei d'Oftalmologia.
Av. Santuari Sant Josep de la Muntanya, 12
08024, Barcelona, Spain.
Tel. +34 933644159
E-mail: MPazos@parcdesalutmar.cat

MJO,, 2015; VOL. 2
МАРТА ПАЗОС
UDK 617.753.3:617.741-089
ISSN 1857-9523

РЕДУКЦИЈА НА АСТИГМАТИЗМОТ И КОРНЕАЛНАТА РЕФРАКТИВНА ЈАЧИНА *со користење корнеални инцизии „спарени на спротивната страна“ за време на хирургија на катаракта*

Марта Пазос,[1] Владимир Попоски,[2] Мигел Кастилја - Марти,[3] Даниел Нара,[4] Ана Мартинез - Палмер[5]

[1] Оддел за офталмологија; Универзитетски клиники De la Esperanca и Del Mar; Автономен Универзитет на Барселона, [2] Универзитет Pompeu Fabra, Барселона, Шпанија

Резиме

Цел: *Да се искалкулира корекцијата на астигматизмот при користење корнеални инцизии „спарени на спротивната страна“ (КИСС) на стрмната оска на рожницата за време на хирургијата на катаракта.*

Материјал и метод: *Во нерандомизирана проспективна клиничка студија, 40 очи оперирани од катаракта беа поделени во две групи, зависно од степенот на предоперативниот астигматизам: група КИСС: астигматизам ≥1,5 диоптрија (Д) и контролна група со единечна инцизија (ЕИ): астигматизам 0,25-1,49Д. Беше извршена рутинска хирургија (факоемулзификација со имплантација на интраокуларна леќа), со исклучок кај групата КИСС, каде што се додаде уште една секундарна инцизија на крајот на операцијата. Беше извршен комплетен офталмолошки преглед кој вклучувашсе и кератометрија, топографија и оптичка биометрија пред и по хируршката интервенција.*

Резултати: *Средната вредност на преегзистентниот астигматизам во КИСС - групата беше 2Д, а добиениот постоперативен астигматизам изнесуваше 0,73±0,73Д (plt; 0,001). Групата КИСС имаше средна вредност на редукција на астигматизмот од 1,92±1,08Д, во споредба со ЕИ - г рупата чијашто астигматска корекција изнесуваше само 0,71±0,37Д (plt; 0,001). Корнеалната рефрактивна јачина беше значајно намалена во постоперативниот период кај двете испитувани групи (pgt; 0,05).*

Заклучок: *КИСС се корисни за корегирање лесни до средни астигматизми за време на операцијата на катаракта. Добиените податоци сугерираат возможна редукција на сферниот еквивалент за околу 0,59Д кај овие пациенти,*

Клучни зборови: *корекција на астигматизам, корнеални инцизии КИСС, инцизии на стрмната корнеална оска, редукција на астигматизам за време на катарактна хирургија.*

Адреса за кореспонденција:

Marta Pazos
Hospital de l’Esperança. Servei d’Oftalmologia.
Av. Santuari Sant Josep de la Muntanya, 12
08024, Barcelona, Spain.
Tel. +34 933644159
E-mail: MPazos@parcdesalutmar.cat

MJO,, 2015; VOL. 2
ЈОВАНКА РИСТОВА
UDK 616.145-154
ISSN 1857-9523

„ФИЗИОЛОШКА“ ЕКСКАВАЦИЈА НА ГЛАВАТА НА ВИДНИОТ НЕРВ

- потенцијален предиктор на глаукомска болест

Јованка Ристова,[1] Весна Димовска Јорданова [2]
[1] ПЗУ „Окулус“, Штип, [2] ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести, Скопје

Резиме

Вовед: *Изгледот на папилата на оптичкиот диск генерално може да се опише во однос на неговата боја и големината на централното вдлабнување, т.н. екскавација. Нормалните вредности на екскавацијата (Cup to Disc) се движат во рамки од 0,1 до 0,4, но вредностите на C/D поголеми од 0,4 предизвикуваат сомнеж за појава на глаукомна болест, па кај овие лица се наметнува потребата од дополнителни офталмолошки испитувања.*

Материјал и методи: *Во испитуваната група беа вклучени 17 пациенти (34 очи), кои беа следени во период од 3 години.*

Кај сите пациенти беа направени следниве испитувања: видна острина, биомикроскопија, преглед на очно дно, тонометрија, гониоскопија, компјутеризирана периметрија и оптичка кохерентна томографија (OCT)

Резултати: *Кај најголем број од пациентите (вкупно 29 очи) беше регистрирана уредна видна острина (1,0 s.c./c.c.), додека кај 5 очи изнесуваше 0,8 c.c.*

Во однос на состојбата на ПНО и проценката на C/D, кај 14 очи беше регистриран уреден наод (:C/D: 0,2-0,3), а кај 8 очи граничен наод (C/D: 0.3-0.4). Вредности за C/D: 0,4 беа регистрирани кај 8 очи, а кај 5 очи беше проценет C/D од: 0,5.

Резултатите од тонометријата се движеа во следниве рамки: ИОП -14.6-17.3 mmHg (16 очи) , ИОП -12.2-14.6 mmHg (12 очи), ИОП-17.3-20.6 mmHg (6 очи).

Периметрискиот наод покажа вредности на просечниот губиток на сензитивноста - MD (Mean defect) во рамки од 0,40-0,43.

Методата на оптичката кохерентна томографија (OCT) кај сите испитаници беше со уреден наод.

Заклучок: *Пациентите со „физиолошка“ екскавација на видниот нерв што беа вклучени во испитуваната група, беа следени во тек на 3-годишен период, со редовни контролни прегледи и изведување на сите дијагностички постапки неопходни за испитување глауком. Резултатите од испитувањата покажаа уреден наод и отсуство на глаукомна болест, што не ја исклучува потребата од натамошно редовно следење. Големината на екскавацијата сама по себе не претставува предуслов за развој на глаукомно заболување..*

Клучни зборови: *Интраокуларен притисок (ИОП), глауком, екскавација, папила на видниот нерв*

Вовед

Видниот нерв (N.opticus) има функција да ги пренесува видните информации од ретината до централниот нервен систем. Површината на папилата на n.opticus (PNO) лежи во исто ниво со

површината на ретината и обично има централна депресија, дефинирана како „физиолошка“ екскавација. Таа е тркалезна или хоризонтално овална, сместена во близина на центарот на папилата, со рабови што концентрично се совпаѓаат со рабовите на папилата. Бојата на екскавацијата е побледа во однос на бледорозеникавата боја на папилата.

Нормалните вредности на екскавацијата на PNO, според класификацијата за Cup - to-Disc-Ratio -C/D (Ratio Guide) се движат во рамки од 0,1-0,4.

Се смета дека вредности на C/D ≥ 0,4 предизвикуваат сомнеж за присуство на глаукомно заболување и претставуваат основа за дополнителни супспецијалистички испитувања во овој правец. Треба да се има предвид дека граничните вредности на C/D сами по себе не значат дека постои манифестен глауком.

Материјал и методи

Во ретроспективно - проспективна студија беа вклучени 17 пациенти (34 очи) што беа предмет на испитување, следени во тек на 3 - годишен период (2011 - 2014).



Слика1 Сооднос екскавација - папила

Кај сите пациенти беше направен комплетен офталмолошки преглед и дијагностички испитувања, вклучувајќи: најдобро коригирана видна острина (ВО), биомикроскопија, преглед на очно дно и проценка на C/D, тонометрија, компјутеризирана периметрија, како и оптичка кохерентна томографија (Optical Coherence Tomography - OCT) заради испитување на ПНО и на слојот на перипапиларните нервни влакна - Retinal Nerve Fiber Layer (RNFL), која беше изведувана на Клиниката за очни болести во Скопје.

Во низата дијагностички методи за откривање на хемодинамските нарушувања на ниво на окото, особено кога станува збор за раната детекција на глаукомот, важно место му припаѓа на спроведувањето „дневна крива“ на ИОП. Дневната крива, која вообичаено, поради невозможноста за 24-часовно следење на ИОП, предвидува 4-5 мерења на ИОП во текот на 12-16 часа, овозможува увид во флуктуациите на ИОП во посочениот период.

Во групата од 6 пациенти со вредности на C/D од 0,4-0,5 немаше значајни осцилации на ИОП. Всушност, ИОП кај целата група на испитувани пациенти се движеше во нормални вредности, со највисока вредност од 20,6 mmHg кај еден пациент.

Познато е дека зголемениот ИОП повеќе не се смета како параметар за присуство на глауком, туку како ризичен фактор којшто игра значајна улога во неговото настанување. Покрај тоа, кај пациентите што страдаат од глауком со нормален очен притисок, присутно е оштетување на ПНО во услови на нормални вредности на ИОП.

За да се утврди евентуалната корелација на глаукомната екскавација со потенцијално оштетување на видниот нерв, неопходно беше да се испитаат структурните параметри на ПНО, преку OCT (Topcon 3D 2000), која беше изведувана на Клиниката за очни болести во Скопје, како и нивна компарација со функционалната состојба на нервот, прикажана преку испитувањето на видното поле со методата на компјутеризирана периметрија (Optopol).

Покрај Оптичката кохерентна томографија, прецизна квантитативна евалуација на топографијата на ПНО и перипапиларните нервни влакна, овозможува и методата на HRT - Heidelberg Retinal Tomography, која не беше изведувана кај нашата серија пациенти.

Резултати

Видната острина кај испитуваните пациенти се движеше во рамки на следниве вредности:

ВО = 1,0 s.c. (12 очи)
ВО = 1,0 c.c. (17 очи)
ВО = 0,8 c.c. (5 очи)

Биомикроскопски наод на преден сегмент:

- 29 очи - уреден наод
- 5 очи - почетно заматување на леќата

Проценка на C/D:

- Уреден наод (C/D : 0,2-0,3) - 14 очи
- C/D: 0,3-0,4 - 8 очи
- C/D: 0,4 - 8 очи
- C/D: 0,5 - 5 очи

Тонометрија:

- Вредности на ИОП - 14,6-17,3 mmHg (16 очи)
- Вредности на ИОП - 12,2 - 14,6 mmHg (12 очи)
- Вредности на ИОП - 17,3-20,6 mmHg (6 очи)



Графикон 1. Тонометриски вредности во испитуваната група



Графикон 2. Вредности на MD (Mean defect) кај испитуваната група

Периметриски карактеристики кај испитаниците со вредности на MD (Mean defect - просечен губиток на сензитивитет):

(Glaucoma treshold strategy)

- 14 очи со MD: 0,40 (C/D: 0,2-0,3)
- 8 очи со MD: 0,42 (C/D: 0,3-0,4)
- 8 очи со MD: 0,42 (C/D: 0,4)
- 4 очи со MD: 0,43 (C/D : 0,5)

Просечен индекс на PD (Основен структурен увид) - 0,22 кај сите 34 очи

OCT-испитување на RNFL - во рамки на уреден наод кај сите испитани очи.

На следниве фотографии се прикажани резултати кај пациент со екскавација C/D: 0,5, како индикатор дека при изолирана проценка, присуството на зголемен C/D само по себе не значи и присуство на глаукомно заболување. Покрај клиничкиот преглед и гониоскопијата, кај пациентот беа направени и компјутеризирана периметрија и оптичка кохерентна томографија, кои прикажаа уреден наод на испитуваните структури.





Слика 2. Екскавација на ПНО (C/D: 0,5)



Слика 3. Приказ на ОСТ и видно поле кај испитуваниот пациент

Дискусија

Критериумите за физиолошка екскавација на ПНО подразбираат анализа на следниве параметри:

- големина и форма на екскавацијата;
- боја на папилата;
- зголемување на централното бледило (централен менискус);
- конфигурација на невро-ретиналниот обод;
- видливост на lamina cribrosa;
- васкуларизација и перипапиларни промени.

Во однос на големината на екскавацијата кај здрава популација и кај заболени од глауком, постои генерален став дека таа често е асоцирана со глауком, но не и патогномонична за глауком. Големината на екскавацијата секогаш треба да се проценува во корелација со големината на самата папила.

Кај индивидуи со C/D > 0,3-0,4, како и кај лица кои имаат други ризични фактори за развој на глауком (семејна предиспозиција, миопија), потребно е да бидат направени сите дијагностички постапки за исклучување глауком. Од друга страна, индивидуи што имаат C/D 0,5 може да бидат здрави, без присуство и манифестација на глаукомска болест.

Меѓутоа ваквите индивидуи треба да бидат контролирани во периодични временски интервали, затоа што не може во потполност да се исклучи веројатноста за клиничка манифестација на глауком.

Доколку се има предвид релевантноста на големината на екскавацијата на ПНО, треба да се потенцира дека овој параметар може да служи само како патоказ, а не како дефинитивен маркер за глауком.

Заклучок

Пациентите со „физиолошка“ екскавација на видниот нерв што беа вклучени во испитуваната група, беа следени во тек на 3-годишен период, со редовни контролни прегледи и изведување на сите дијагностички постапки неопходни за испитување глауком. Резултатите од испитувањата покажаа уреден наод и отсуство на глаукомна болест, што не ја исклучува потребата од натамошно редовно следење.
Прашањето: дали секоја екскавација над нормалните вредности претставува предиктор на глаукомна болест, останува отворено, а понатамошното следење на овие пациенти ќе покаже дали кај некој од нив во иднина ќе се развие клиничка манифестација на глауком.

Литература:

1. Cynthia A. Bradford, *MD Basic opthalmology*, 2010
2. Nancy B.Carlson, Daniel Kurtz, *Clinical Procedures for Ocular Examination*, 2010
3. Kresimir Cupak, *Oftalmologija*, 1994
4. Dobrosav Cvetkovic, *Glaukom (dijagnoza i lecenje)*, 1996
5. Josef Flamer, *Glaukom*, 2006
6. Jack J.Kanski, *Clinical Ophtalmology*, 5th edition, 2003

Адреса за кореспонденција:

Јованка Ристова
ПЗУ „Окулус“
E-mail: jovankaris@hotmail.com

"PHYSIOLOGICAL" CUP OF THE OPTIC NERVE HEAD - potential predictor of glaucomatous disease

MJO,, 2015; VOL. 2
JOVANKA RISTOVA
UDK 616.145-154
ISSN 1857-9523

Jovanka Ristova,[1] Vesna Dimovska Jordanova [2]
[1] PZU „Okulus", Stip, [2] PHI University Eye Clinic-Skopje, Macedonia

Abstract

Introduction: *The appearance of the optic nerve head can be generally described based on its color and size of the central cavity, so called excavation, e.g. cup. The normal values of the cup (Cup to Disk) vary in the range 0.1-0.4, but the values of C/D > 0,4 arouse suspicion of the beginning of glaucoma, so these patients need additional ophthalmological examinations.*

Materials and methods: *A group of 17 patients (34 eyes) were included in the monitored group, followed up within 3 years.*

For all patients the following examinations were performed: visual acuity determination, biomicroscopy, fundoscopy, tonometry, computerized perimetry and optical coherence tomography (OCT).

Results: *Most of the patients (29 eyes) had normal visual acuity (1,0 s.c./c.c), and 5 eyes had visual acuity of 0,8 s.c.*

Regarding the C/D values, the results have shown the following: 14 eyes had normal findings with C/D: 0,2-0,3,while 8 eyes had borderline C/D of 0,3-0,4. Total number of 13 eyes had C/D values of 0,4 (8 eyes) and 0,5 (5 eyes).

Tonometry have shown IOP values within 3 subgroups: 14,6-17,3 mmHg (16 eyes), 12,2-14,6 mmHg (12 eyes) and 17,3-20,6 mmHg (6 eyes).

Automated computer perimetry has shown mean defect (MD) within 0,40-0,43.

The OCT has presented normal average thickness of RNFL in all participants.

Conclusion: *The patients with physiological cup of the optic nerve head, included in the monitored group were followed for 3 years, with frequent examinations and performing of all diagnostic procedures regarding glaucoma. The results of the examinations showed no abnormalities and absence of glaucoma, which doesn't exclude the need for further follow-up. The cup size by itself could not be considered as absolute predictor of glaucomatous disease.*

Keywords: *Intraocular pressure (IOP), glaucoma, excavation, optic nerve head.*

Corresponding address:
Jovanka Ristova
PHI „Okulus"
E-mail: jovankaris@hotmail.com

MJO,, 2015; VOL. 2
BILJANA SHIRGOSKA
UDK 615.214:035:615.457
ISSN 1857-9523

ANTICHOLINERGIC SYNDROME

Biljana Shirgoska,[1] Jane Netkovski [2]
[1] University Department of ENT, [2] Medical faculty, Skopje, Macedonia

Abstract

The aim of this review is to disclose the anticholinergic syndrome and the systemic effects that could resulted from topical eye drops.

A 1% solution of atropine contains 1 g dissolved in 100 mL, or 10 mg/ml. Eyedroppers vary in the number of drops formed per milliliter of solution but average 20 drops/ml. Therefore, one drop usually contains 0.5 mg of atropine. Absorption by vessels in the conjunctive sac is similar to subcutaneous injection.

Anticholinergic syndrome is produced by the inhibition of cholinergic neurotransmission at muscarinic receptor sites. Clinical manifestations of anticholinergic syndrome are caused by the peripheral and central nervous system effects.

Systemic manifestations include dry mouth, tachycardia, atropine flush, atropine fever and impaired vision. The degree of central manifestations are related to the drug's ability to cross the blood-brain barrier. No specific diagnostic studies exist for anticholinergic overdoses. Laboratory tests like blood and urine cultures in febrile patients, serum electrolyte analysis, arterial blood gas analysis and ECG may be helpful.

Patients presenting with anticholinergic toxicity should be treated according to advanced life support algorithm. Physostigmine effectively reverses central anticholinergic toxicity. An initial dose of 0.01–0.03 mg/kg may have to be repeated after 15–30 min.

Keywords: *anticholinergic syndrome, clinical manifestations, treatment*

Introduction

Anticholinergic syndrome (ACS) is produced by the inhibition of cholinergic neurotransmission at muscarinic receptor sites. (1,2) The systemic effects also could resulted from topical eye drops.

Anticholinergic syndrome may be caused by intentional overdose, inadvertent ingestion, medical noncompliance, and geriatric polypharmacy. Anticholinergic syndrome commonly follows the ingestion of a wide variety of prescription and over-the-counter medications.(3)

Substances with anticholinergic properties competitively antagonize acetylcholine muscarinic receptors. This predominantly occurs at peripheral postganglionic parasympathetic muscarinic receptors at heart, salivary glands and sweat glands, gastrointestinal and genitourinary tract. Anticholinergic substances minimally compete with acetylcholine at autonomic ganglia.(4)

Clinical manifestations of anticholinergic syndrome are caused by the peripheral and central nervous system effects. The central anticholinergic syndrome refers to central nervous system changes that range from unconsciousness to hallucinations. Central nervous system manifestations of anticholinergic syndrome result from central cortical and subcortical muscarinic receptor antagonism. The degree of manifestations are related to the drug's ability to cross the blood-brain barrier. (5)

Agitation and delirium are not unusual in elderly patients. Other systemic manifestations include dry mouth, tachycardia, atropine flush, atropine fever and impaired vision.

No specific diagnostic studies exist for anticholinergic overdoses. Laboratory studies that may be helpful include:

- Blood and urine cultures in febrile patients
- Serum chemistry and electrolyte analysis
- Electrolyte and arterial blood gas analysis
- ECG

Patients presenting with anticholinergic toxicity should be treated according to advanced life support algorithm (ERC resuscitation council).

The systemic effects of anticholinergic toxicity could result from topical eye drops.

A 1% solution contains 1 g dissolved in 100 ml, or 10 mg/ml. Eyedroppers vary in the number of drops formed per milliliter of solution but average 20 drops/ml. Therefore, one drop usually contains 0.5 mg of atropine. Absorption by vessels in the conjunctival sac is similar to subcutaneous injection. More rapid absorption is possible by the nasolacrimal duct mucosa.(6)

Tricyclic antidepressants, antihistamines, and antipsychotics have antimuscarinic properties that could potentiate the side effects of anticholinergic drugs.

Cholinesterase inhibitors indirectly increase the amount of acetylcholine available to compete with anticholinergic drugs at the muscarinic receptor. Neostigmine, pyridostigmine, and edrophonium possess a quaternary ammonium group that prevents penetration of the blood–brain barrier (7).

Physostigmine, a tertiary amine, is lipid soluble and effectively reverses central anticholinergic toxicity. An initial dose of 0.01–0.03 mg/kg may have to be repeated after 15–30 min.

The antidote for anticholinergic toxicity is physostigmine salicylate. Most patients can be safely treated without it, but it is recommended when tachydysrhythmia with subsequent hemodynamic compromise, intractable seizure, severe agitation or psychosis, or some combination of the symptoms.

Physostigmine is contraindicated in patients with cardiac conduction disturbances on ECG.

References

1. Brown JH, Taylor P: Muscarinic receptor agonists and antagonists. Chapter 7 in: Goodman and Gilman's The Pharmacological Basis of Therapeutics, 10th ed. Hardman JG (editor). McGraw-Hill, 2002.
2. Naguib M, Yaksh TL: Characterization of muscarinic receptor subtypes that mediate antinociception in the rat spinal cord. Anesth Analg 1997;85:847.
3. Bang Y, Lim J, Kim SS, Jeong HM, Jung KK, Kang IH, et al. Aroclor1254 interferes with estrogen receptor-mediated neuroprotection against beta-amyloid toxicity in cholinergic SN56 cells. Neurochem Int. Oct 2011;59(5):582-90
4. Madhuvrata P, Singh M, Hasafa Z, Abdel-Fattah M. Anticholinergic Drugs for Adult Neurogenic Detrusor Overactivity: A Systematic Review and Meta-analysis. Eur Urol. Feb 25 2012.
5. Quizon A, Colin AA, Pelosi U, Rossi GA. Treatment of Disorders Characterized by Reversible Airway Obstruction in Childhood: are Anti-cholinergic Agents the Answer? Curr Pharm Des. Feb 27 2012.
6. G. Edward Morgan, Jr., Maged S. Mikhail, Michael J. Murray. Clinical Anesthesiology, 4th Edition Chapter 11. Anticholinergic drugs 237-242, 2006.
7. Katzung BG (editor): Cholinoceptor-blocking drugs. Chapter 8 in: Basic and Clinical Pharmacology, 8th ed. McGraw-Hill, 2001.

Corresponding address:

Biljana Shirgoska
University Department of ENT
E-mail: bshirgoska@yahoo.com

MJO,, 2015; VOL. 2
БИЉАНА ШИРГОСКА
UDK 615.214:035:615.457
ISSN 1857-9523

АНТИХОЛИНЕРГИЧЕН СИНДРОМ

Биљана Ширгоска,[1] Јане Нетковски [2]
[1] Универзитетска клиника за оториноларингологија,
[2] Медицински факултет, Скопје, Македонија

Резиме

Целта на овој ревијален труд е да го расветли антихолинергичниот синдром и системскиот ефект кој настанува од примената на антихолинергичен лек во облик на капки за очи.

1% раствор атропин содржи 1г растворен во 100мл или 10мг/мл. Во 1мл има 20 капки, па според тоа 1 капка содржи 0,5мг атропин. Апсорпцијата на атропинот од конјуктивалните крвни садови е еднаква на супкутаната апсорпција.

Антихолинергичниот синдром настанува поради инхибиција на холинергичната невротрансмисија на мускаринските рецептори. Клиничките манифестации можат да бидат предизвикани од периферниот или централниот нервен систем.

Системската манифестација вклучува сува уста, тахикардија, атропинско црвенило, треска и нарушен вид. Степенот на централна клиничка манифестација зависи од способноста на лекот да ја помине крвномозочната бариера. Не постојат специфични дијагностички тестови за предозирање со антихолинергични лекови. Лабораториските анализи, како: хемокултура и уринокултура кај фебрилни пациенти, серумски електролити, гасни анализи и ЕКГ, можат да бидат од полза.

Пациетите со нарушени витални функции треба да бидат третирани според алгоритамот за напреднато одржување во живот. Физостигминот прави реверзија на централната антихолинергична токсичност. Првичната доза од 0,01-0,03мг/кг може да се повтори по 15-30 минути.

Клучни зборови: *антихолинергичен синдром, клинички манифестации, третман.*

Адреса за коресподенција:
Виш науч. сор. д-р Биљана Ширгоска
ЈЗУ Универзитетска клиника за уво,нос и грло
E-mail: bshirgoska@yahoo.com

MJO,, 2015; VOL. 2
КОСТАДИНКА МАРТИНОВСКА
UDK 617.7-089.5
ISSN 1857-9523

АНЕСТЕЗИЈА КАЈ КРАТКИ ЕКСТРАБУЛБАРНИ ОПЕРАТИВНИ ЗАФАТИ *и дијагностички процедури кај деца во офталмологијата*

Костадинка Мартиновска
Универзитетска клиника за очни болести, Скопје, Македонија

Резиме

За децата на возраст до 7 години, за кратки дијагностички и хируршки процедури, има потреба од општа анестезија.

На нашата клиника се практикува комбинација на кетамин (Ketamine) со мидазолам (Midazolam) и атропин (Atropin).

Во текот на 2014 година, на тој начин се третирани 34 деца.

Резултатите се задоволителни. Идеален анестетик и анестезија, нема.

Клучни зборови: *деца, анестезија, кратки дијагностички и хируршки процедури, кетамин, мидазолам*

Вовед

Кај деца на возраст до 7 години и телесна тежина до 25 кг, неретко се изведуваат кратки оперативни зафати за кои е потребна општа анестезија: халазиони, дермоидни цисти, хемангиоми, цисти на конјуктива, повреди на капаци и суперцилии, сондажи, отстранување сутурен материјал, како и кратки дијагностички процедури.

На Клиниката за очни болести во Скопје се практикува употреба на анестетикот кетамин во комбинација со мидазолам и атропин.

Кетаминот првпат е синтетизиран во 1962 година од Келвин (Calvin) и Стивенс (Stevens) во лабораториите на Парк-Девис (Park-Davis), а во 1966 година е патентиран за употреба како анестетик за луѓе и животни. Многу бил користен од страна на Армијата на САД за време на Виетнамската војна.

Кетаминот е дериват на фенилциклидинот. Постојат две форми: S (+) изомер со зголемена анестезиолошка потентност и намалени психомиметски несакани ефекти и R(-) изомер, кај кој се поизразени психомиметските несакани ефекти. Растворлив е во вода, лесно се ресорбира кога ќе се даде интравенски, орално, назално, ректално и интрамускулно.

Полуживотот на дистрибуција е 11 минути. Закрепнувањето примарно зависи од редистрибуцијата од церебралната во периферната циркулација. Се метаболира во хепарот, се екскретира преку урината со клиренс 17мл/кг/мин. Полуживотот на елиминација е 2,5 часа.

Кетаминот овозможува дисоцијативна анестезија - комбинација на длабока аналгезија со површен сон. Вентилацијата е спонтана со релативно сочувани рефлекси на дишните патишта. Пациентите се хемодинамски стабилни.

Ситемски ефекти:

System Effects	
CVS	↑heart rate, ↑ blood pressure ↑CVP, ↑CO, baroreceptor function is maintained and dysrhythmias are uncommon
RS	Bronchodilatation, ↑ RR, relative preservation of airway reflexes
CNS	↑ Cerebral blood flow/ metabolic rate and intraocular pressure
AS	Nausea and vomiting, ↑ salivation
GU	↑ uterine tone
Other	Emergence delirium/dreams/ hallucinations

**преземено од Update in anesthesia No.20 2005*

Сите овие ефекти кај децата се послабо изразени, особено соништата и халуцинациите.

Мидазоламот овозможува намалување на овие ефекти. Тој е бензодијазепин којшто дава минимален кардиоваскуларен депресивен ефект, лесно снижување на КП. Срцевиот минутен волумен и периферниот васкуларен отпор се намалуваат незначително, а срцевата фреквенција понекогаш се покачува. Тој ги намалува церебралната кислородна потрошувачка и интракранијалниот притисок. Ефективен е во превенирање и контролирање на тонично-клонични грчеви. Седативните дози даваат антеградна амнезија.

Во текот на 2014 година, на овој начин се водени 34 деца. Кетаминот е даван интравенски, бавно, во дози од 2mg/kgTT. Мидазоламот е даван претходно, интравенски во дози од0,05mg/kgTT, како и атропинот во дози од 10 μg/kgTT (спречува зголемена саливација под дејство на кетаминот).

Кај две деца имаше потреба од аспирација на секрет од горните респираторни патишта во текот на оперативниот зафат; кај 7 деца имаше несакани мускулни движења, кои се купираа со зголемување на дозите на мидазоламот.

Будењето во мирна болничка соба без звучни и тактилни дразби се одвиваше брзо, во времетраење од половина час. Сите пациенти ја напуштија клиниката 2-4 часа по оперативниот зафат. Идеален анестетик и анестезија нема. Комбинацијата на кетамин со мидазолам и атропин се покажа задоволителна кај децата до 7 години и телесна тежина до 25 kg.

Литература:

1. Г. Едвард Морган, Џуниор; проф. д-р Мајид С. Микаил; проф. д-р Мајкл Џ. Марej, Клиничка анестезиологија, 2011,
2. Update in anesthesia – World anesthesia, vol.20 (2005)
3. J. Alfred L. and R. S. Atkinson, A Synopsis of Anesthesia (seventh edition)

Адреса за коресподенција:

Прим.д-р Костадинка Мартиновска ,

ЈЗУ Универзитетска Клиника за очни болести, Скопје

E-mail: dmartinovska@yahoo.com

ANESTHESIA IN SHORT EXTRABULBAR SURGERIES and diagnostic procedures performed on children in ophthalmology

MJO,, 2015; VOL. 2
KOSTADINKA MARTINOVSKA
UDK 617.7-089.5
ISSN 1857-9523

Kostadinka Martinovska
PHI University Eye Clinic, Skopje, Macedonia

Abstract

Children at age 0-7 years demand general anesthesia for short diagnostic and surgical procedures. In our Clinic we practice the combination of Ketamine with Midazolam and Atropine.

34 children were threated in this way during 2014.

The results are satisfactory. There is no an ideal anesthetic and anesthesia

Keywords: *Children, anesthesia, short diagnostic and surgical procedures, Ketamine, Midazolam*

Corresponding address:
Kostadinka Martinovaska, PHI University Eye Clinic, Skopje
E-mail: dmartinovska@yahoo.com

MJO,, 2015; VOL. 2
ВИОЛЕТА БУЧКОСКА НИКОЛОВСКА
UDK 616.145.154-007.272-085.27
ISSN 1857-9523

ПРВИ ИСКУСТВА ВО ТРЕТМАНОТ СО EYLEA
на централна венска оклузија

Виолета Бучкоска Николовска,[1] Весна Димовска Јорданова,[2] Илир Османи,[1] Мирјана Саздовска [1]
[1]Специјална болница „Систина офталмологија“, Скопје
[2]Универзитетска клиника за очни болести, Скопје

Резиме

Вовед: Оклузија на ретиналната вена е втора најчеста причина за слепило, веднаш по дијабетичната ретинопатија. Се јавува со преваленција од 5,2 на 1000 луѓе, а фактори на ризик се: возраст, артериска хипертензија, бубрежна болест, артериосклероза, промени во фактори на коагулација, дијабетес, глауком и др. Најчести клинички знаци за оклузија на централната ретинална вена се: хеморагии, дилатирани и извиткани вени во сите 4 квадранти, оток на оптичкиот диск и во пределот на макулата, cotton wool ексудати и капиларна неперфузија. Всушност, падот на видот е директна последица на макуларниот оток. Отокот, пак, настанува поради абнормална ретинална капиларна пермеабилност, проширување на екстрацелуларниот простор и акумулација на течност. Зголемениот интралуминален и интерстицијален притисок доведува до намалена артериска перфузија и ретинална исхемија, која резултира со зголемена продукција на VEGF (васкуларно ендотелен фактор на раст), кој доведува до васкуларна пропустливост и појава на макуларен едем.
Појавата на анти VEGF-терапија во офталмологијата, пред 10 години значително го промени текот на сите ретинални болести што се карактеризираат со неоваскуларизација во својата еволуција.

Податокот дека повеќе од 70% од ретиналните специјалисти во Америка ја користат анти VEGF-терапијата, укажува дека е терапија на избор.

EYLEA (афлиберцепт) е фузиски протеин што ги поседува клучните домени на хуманиот VEGF-рецептор 1 и 2, на кој се надоврзува Fc-сегмент од IgG. Ги блокира сите изоформи на VEGF-A и е единствен анти VEGF кој го блокира и плацентарниот фактор на раст.

Клучни зборорви: *оклузија на ретинална вена, анти-вегф третман, макуларен едем*

Вовед

64-годишен маж, кај кој е дијагностицирана исхемична форма на оклузија на централната ретинална вена на левото око во декември 2014 година. Десното око има супфтиза, а анамнестички дава податок дека и на тоа око имал тромбоза пред 5 години. Дијабетичар е од 2006 година, има ХТА и лесна хиперлипидемија. Интраокуларниот притисок на лево око беше 11 mmHg со висус 0,01 (20/2000).

Локалниот наод со биомикроскоп покажа инципиентна катаракта, а на индиректна биомикроскопија на заден сегмент покажа дилатирани и тортуотични венски крвни садови, пламенети хеморагии и едем на ретина (вклучувајќи и макула) и папила, што укажува на оклузија на централната ретинална вена.

Беше направена оптичка кохерентна томографија (OCT) пред апликација на афлиберцепт и 3 недели по апликацијата на трета доза.



Слика 1: OCT пред апликација на Eylea



Слика 2: OCT по апликација на Eylea

По 2 месеца од оклузијата почнавме со иницијалниот третман со афлиберцепт 2 мг (0,05 мл), кој го повторивме по 4-тата и 8-та недела од првата апликација. Направивме проверка на видната функција и контролен OCT. Дојде до значително намалување на ретиналниот едем, што резултираше со подобрување на видната функција, висус 0,2 без корекција (20/100).

Дискусија

Последниве години постојат повеќе видови анти VGF, како што се: авастин (бевацизумаб), луцентис (ранибизумаб), а од минатата година и Eylea (афлиберцепт), којшто по својата молекула и механизам на дејствување значително се разликува од претходните анти VGF-препарати.

На Универзитетската клиника третиравме 18 пациенти (во период од јануари 2011 до јануари 2015) со анти VGF (авастин) интравитреално. Третманот се состоеше од интравитерална апликација 1,25 мг (0,05 мл), од 3 до 5 пати, во зависност од случај, на растојание од 4 недели. Кај 11 пациенти, по 6 месеци од првата апликација на авастин имавме подобрување од 2 реда по Снеленовата таблица; кај 4 пациенти имавме подобрување за еден ред, додека кај 3 пациенти немавме подобрување на видната функција.

Заклучок

Споредувајќи ги претходните резултати со ефектот што го постигнавме со апликација на афлиберцепт, можеме да констатираме дека не постои голема разлика во подобрувањето на

видната функција, но самата апликација на лек што е фабрички пакувана монодоза ни даваше голема сигурност дека можните компликации се сведени на минимум (точност во дозирање, ризик од внесување инфекција), а особено затоа што пациентот е анатомски и функционален монокулус.

Идната примена на афлиберцепт (Eylea), кај поголема група испитаници ќе овозможи добивање релевантни искуства во однос на предностите и недостатоците на овој вид на анти VEGF-третман, компариран со досега употребуваниот бевацизумаб (Avastin)

Литература:

1. Morley MG, Heier JS. In: Ophthalmology. 3rd ed. 2009:597-605
2. Rogers S, et al. Ophthalmology. 2010;117(2):313-319
3. Wong TY, Scott IU. N Engl J Med. 2010;363(22):2135-2144
4. Morley MG, Heier JS. In: Ophthalmology. 3rd ed. 2009:597-605
5. Johnson MW. Am J Ophthalmol. 2009;147(1):11-21
6. Jonas JB, Lam DSC. Asia-Pac J Ophthalmol. 2012;1(6):355-363
7. The ASRS PAT Survey 2012. Ameican Society of Retina Specialists, http://www.asrs
8. org/content/documents/2012_asrs_pat_survey_results.pdf (accessed Oct 2012) Stewart MW, Rosenfeld PJ. Predicted biological activity of intravitreal VEGF Trap. Br J Ophthalmol 2008;92:667-668
9. Holz FG, et al. Br J Ophthalmol 2013;97:278–284. doi:10.1136/bjophthalmol-2012-301504
10. Boyer D, et al. Ophthalmology. 2012;119(5):1024-1032
11. Brown DM, et al. Am J Ophthalmol. 2013;155(3):429-437

Адреса за коресподенција:

Илир Османи

Систина Офталмологија, Скопје

E-mail: iosmani@gmail.com

Bayer HealthCare

EYLEA® - високо ефикасен, проактивен режим
на дозирање кој Ви помага Вас и на Вашите пациенти

ДА ГО ОТКРИЕТЕ ЖИВОТОТ НАДВОР ОД БУКВИТЕ

СЕГА ОДОБРЕНА

и кај оштетување на функцијата на видот поради дијабетичен макуларен едем (ДМЕ)

Eylea® 40 mg/ml раствор за инјектирање во вијала

Квалитативен и квантитативен состав: 1 ml раствор за инјектирање содржи 40 mg афлиберцепт. Една вијала содржи 100 микролитри, еквивалентно на 4 mg афлиберцепт. **Индикации:** Неоваскуларна (влажна) сенилна макуларна дегенерација (СМД), визуелно оштетување поради макуларен едем, секундарно на централна ретинална венска оклузија (ЦРВО) и визуелно оштетување поради дијабетски макуларен едем (ДМЕ). Дозирање и начин на употреба: Eylea е само за интравитреално инјектирање. Препорачаната доза за Eylea е 2 mg афлиберцепт, што е еднакво на 50 микролитри. Лекувањето со Eylea за влажна СМД започнува со една инјекција месечно со три последователни дози, по што следи по една инјекција на секои два месеци. Не е потребен мониторинг во периодот помеѓу инјекциите. По првите 12 месеци од лекувањето со Eylea, терапевтскиот интервал на лекување може да се продолжи зависно од визуелните и анатомските резултати. Во ваков случај лекарот кој го врши лекувањето треба да утврди план за мониторинг и можно е зачестеноста да биде поголема отколку планот за давање инјекции. За макуларен едем секундарно на ЦРВО по иницијалната инјекција терапијата се дава месечно. Интервалот помеѓу две дози не треба да биде пократок од еден месец. Ако нема подобрување на визуелните и анатомските резултати во текот на првите три инјекции, не се препорачува продолжување на терапијата. Месечната терапија продолжува сè додека визуелните и анатомските резултати се стабилни во три месечни проценки. Потоа потребата за континуирана терапија треба да се преиспита. За дијабетски макуларен едем (ДМЕ) терапијата со Eylea започнува со една инјекција месечно во период од пет последователни дози, по што следи една инјекција на секои два месеци. Не постои потреба за мониторинг помеѓу инјекциите. По првите 12 месеци од терапијата со Eylea, терапискиот интервал може да биде продолжен врз основа на визуелните и анатомските резултати. Распоредот за контрола треба да биде утврден од страна на лекар. Ако визуелните и анатомските резултати укажуваат на тоа дека пациентот нема корист од континуирана терапија, Eylea треба да се прекине. **Контраиндикации:** Хиперсензитивност на афлиберцепт или на било кој од ексципиенсите, активна или суспектна окуларна или периокуларна инфекција и активно тешко интраокуларно воспаление. **Посебни мерки на претпазливост и посебни предупредувања:** Интравитреалните инјекции се поврзуваат со ендофталмитис. Кога се користи Eylea, секогаш треба да се применуваат соодветни антисептични техники за инјектирање. Пациентите треба да бидат инструирани веднаш да пријават било какви симптоми кои би укажувале на ендофталмитис и истите да бидат соодветно лекувани. Забележани се зголемувања на интраокуларниот притисок во период до 60 минути по интравитреалната инјекција, вклучувајќи ја и онаа со Eylea. Потребна е посебна претпазливост кај пациенти со недоволно контролиран глауком (да не се прави инјектирањето на Eylea додека интраокуларниот притисок изнесува ≥ 30 mmHg). Бидејќи станува збор за терапевтски протеин, кај Eylea постои потенцијал за имуногеност. Пациентите треба да бидат инструирани веднаш да пријават било какви знаци или симптоми на интраокуларно воспаление како што се болка, фотофобија или црвенило, што може да биде клинички знак кој се должи на хиперсензитивноста. По интравитреалното инјектирање на VEGF инхибиторите забележани се системски несакани ефекти од типот на неокуларни крварења и артериски тромбоемолиски настани. Постојат ограничени податоци за безбедност во лекување на пациенти со ЦРВО или ДМЕ со историја на мозочен удар или транзиторен исхемичен напад или миокарден инфаркт во последните 6 месеци. **Несакани дејства: катаракта,** одлепување на ретината, одлепување на стаклестото тело, ендофталмитис и зголемен интраокуларен притисок. конјунктивална хеморагија, болка во очите, зголемен интраокуларен притисок, одлепување на стаклестото тело, витреални опацитети и катаракта, раскинување на пигментниот епител на ретината, одлепување на пигментниот епител на ретината, ретинална дегенерација, нуклеарна катаракта, субкапсуларна катаракта, кортикална катаракта, ерозија на корнеа, абразија на корнеа и др.

Повеќе информации за лекот и за начинот на апликација може да најдете во Збирниот извештај за особините на лекот.

Последна ревизија на Збирниот извештај за особините на лекот: 2014

Начин на издавање на лекот: Лекот може да се применува само во здравствена организација (3).

Носител на одобрението за ставање на лекот во промет: Bayer doo, Љубљана Претставништво Скопје, Огњан Прица бб, лок/4, мез., лам.2, Тел: 02 3124 055

EYLEA®
раствор за инјекција (aflibercept)

LMK.03.2015.0145 03.03.2015

MJO,, 2015; VOL. 2
VIOLETA BUCKOSKA NIKOLOSKA
UDK 616.145.154-007.272-085.27
ISSN 1857-9523

FIRST EXPERIENCES WITH EYLEA TREATMENT
of central venous occlusion

Violeta Buckoska Nikoloska,[1] Vesna Dimovska Jordanova,[2] Ilir Osmani,[1] Mirjana Sazdovska [1]
[1]Special Hospital Sistina Ophthalmology, Skopje,
[2]University clinic for eye disease, Skopje

Abstract

Retinal vein occlusion is the second most common cause of blindness after diabetic retinopathy. It appears with prevalence of 5.2 in 1,000 people, risk factors include age, arterial hypertension, renal disease, atherosclerosis, changes in coagulation factors, diabetes, glaucoma and others.

The most common clinical signs of occlusion of the central retinal vein are haemorrhages, dilated and tortuos veins in all four quadrants, swelling of optic disc and macular area, cotton wool spots, and capillary non perfusion. In fact the decline of the vision is a direct result of macular edema. Swelling still occurs due to abnormal retinal capillary permeability, expansion of the extracellular space and accumulation of fluid.

The increased intraluminal and interstitial pressure leads to reduced artery perfusion and retinal ischemia that results in increased production of VEGF (vascular endothelial growth factor) that induces vascular permeability and cause macular edema.

The phenomenon of anti -VEGF therapy in ophthalmology during the last 10 years made significant change over all retinal diseases characterized by neovascularization in their evolution.

The fact that more than 70% of retinal specialists in the US use the anti - VEGF therapy, suggest that it is the treatment of choice.

EYLEA (aflibercept) is a fusion protein that possesses the key domains of human VEGF receptors 1 and 2, which is linked to Fc segment of IgG. It blocks all isoforms of VEGF-A and is the only anti-VEGF which blocks placental growth factor.

We will present the case of 64 year-old man with occlusion of the central retinal vein (ischemic form) in the right eye,the left eye has subphthysis. The patient is a diabetic since 2006, has HTA and hyperlipidemia. In our clinic he was treated 3 times in distance of 4 weeks with intravitreal application of 2 mg (0.05 mL) aflibercept and we had significant improvement of visual function as well as the OCT findings of the same eye.

Keywords: *central retinal vein occlusion, anti-VEGF treatment, macular edema*

Corresponding address:
Ilir Osmani
Sistina Ophthalmology, Skopje
E-mail: iosmani@gmail.com

IN MEMORIAM
Проф. д-р ЕЛЕНА ЏАЈКОВСКА

MJO,, 2015; VOL. 2
ВЕСНА ДИМОВСКА ЈОРДАНОВА
UDK 929 ЏАЈКОВСКА Е.
ISSN 1857-9523



Минатиот ноември се навршија 4 години од смртта на проф. д-р Елена Џајковска, редовен професор во пензија и поранешен директор на Клиниката за очни болести во Скопје.

Како да се изрази почит кон колешката, личност на која ѝ го должиме тоа, и да се најде вистинската мерка и вистинските зборови за тоа, без никаква патетика, со должен пиетет? Притоа, да се сочува дистанцата на професионалната објективност. Сериозен предизвик, секако.

Проф. д-р Елена Џајковска е родена на 17. 09. 1943 година во Битола, каде што ги завршила основното и средното образование. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1962/63 година, а го завршила по подолга пауза (поради семеен престој во Лондон) во 1975 година. Во 1976 година се вработила на Клиниката за очни болести во Скопје, а специјализацијата по офталмологија ја завршила во 1979 година.

Одбранила магистерски труд на Медицинскиот факултет во Скопје и докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Белград.

За доцент на Катедрата по офталмологија е избрана во 1990 година, за вонреден професор во 1995, а за редовен професор во 2001 година. Во 2009 година заминува во пензија.

Во текот на својата стручна работа и професионална кариера, проф. Џајковска реализирала повеќе стручни престои во референтни офталмолошки центри во Лондон, Париз, Љубљана, Белград, Клермонферан, Виена.

Офталмолозите и останатите колеги што професионално ја познаваа проф. Џајковска, во стручен поглед ја препознаваа и поистоветуваа со нејзината голема професионална љубов - ехографијата на окото и орбитата. Таа е основоположник на воведувањето на ехографијата како рутинска метода во офталмологијата, без која не може да се замисли комплетен, детален супспецијалистички офталмолошки преглед. Кон крајот на осумдесеттите години, Клиниката за очни болести располагаше со еден од најсовремените апарати за офталмолошка ултразвучна дијагностика на подрачјето на поранешна Југославија. Доказ за нејзината посветеност кон ехографијата е и издавањето на прирачникот: „Ехографска биометрија на окото и орбитата“.

Колегите кои денес се нејзини наследници во ова подрачје, треба да го чуваат, негуваат и да го пренесуваат стручното наследство што им го остави проф. Џајковска. Почетоците и развојот на професионалната кариера на повеќемина помлади специјалисти на Клиниката за очни болести се директно иницирани и поврзани со професионалниот ангажман на проф. Џајковска.

Во периодот помеѓу 1995 и 2000 година, во два наврата проф. Џајковска ја извршуваше функцијата директор на Клиниката за очни болести. Во тој период се воведе имплантациската хирургија на катаракта и беше остварена соработка со офталмолошките центри во Белград и Софија за воведување на ретиновитреалната хирургија. Неспорни се нејзините менаџерски и организациски способности, кои ги потврдува во времето на нејзиното раководење со институцијата.

При крајот на својата стручна кариера, проф. Џајковска се занимава и со подрачјето на глауком, а во овој период, како коавтор учествува во издавањето на монографијата „Глауком“ во 2005 година.

Функцијата директор на Клиниката за очни болести повторно ја презема во периодот 2007 - 2009 година, кога заминува во пензија.

Нејзината ненадејна смрт настапи по кратко боледување, во ноември 2010 година.

Тажно е кога ги забораваме нашите повозрасни колеги, кои во одреден период од нашите кариери биле и наши учители, по нивното заминување во пензија. Уште потажно е кога на некого се сеќаваме постхумно, кога повеќе не е физички присутен. Нашето однесување и нашата почит кон оние што нè прифатиле како млади, неискусни, надежни луѓе и ни подале рака, во голема мерка го детерминира и однесувањето на помладите генерации што доаѓаат по нас.

Во медицината, а во животот особено, учиме додека сме живи. Почитта кон повозрасните претставува лекција што не смее да се заборава.

Овој текст претставува скромен придонес за сеќавањето на проф. д-р Елена Џајковска.

Проф. д-р Весна Димовска Јорданова

Одбележување на **60-ГОДИШНИНАТА** од формирањето **НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ОФТАЛМОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

MJO,, 2015; VOL. 2
ВЕСНА ДИМОВСКА ЈОРДАНОВА
UDK 617.7:061 (497.7) (060.91)
ISSN 1857-9523

Здружението на офталмолозите на Македонија, на 15 ноември, во рамките на Петтиот меѓународен офталмолошки симпозиум, одбележа јубилејни 60 години од своето основање.

Првиот дел на симпозиумот беше посветен на одбележувањето на јубилејот, при што беше изложена кратка ретроспектива на активностите и најзначајните настани на здружението во изминатиот период.

Здружението е основано во 1954 година, како Секција на офталмолозите на Македонија во рамки на Здружението на офталмолозите на Југославија. Во периодот 1954 - 1991 година, во Македонија се одржани Четвртиот конгрес на офталмолозите на Југославија, како и Десеттиот конгрес на офталмолозите на Југославија. Во периодот по осамостојувањето, од 2003 до 2013 година се одржани три конгреса на офталмолозите на Македонија со меѓународно учество, а последниот конгрес беше одржан заедно со Десеттиот конгрес на офталмолозите на Југоисточна Европа (SEEOS).

Пред присутните на јубилејот се обрати прим. д-р Димитар Котевски од Битола, еден од основачите и основоположниците на здружението, кој потсети на значењето на здружението во однос на развојот на офталмологијата и упати неколку пораки до офталмолозите. Фондацијата „Д-р Димитар Котевски“ беше покровител на јубилејот.

Гостин на јубилејот беше проф. д-р Драган Веселиновиќ, претседател на Здружението на офталмолозите на Србија, на кој му беше доделена благодарница како признание за долгогодишната успешна професионална соработка помеѓу двете здруженија.

Благодарница за животно дело му беше доделена на прим. д-р Котевски, како и на Клиниката за очни болести како врвна едукативна и стручна институција во државата.

Беа доделени благодарници и на поединци, заслужни наставници од Универзитетската клиника за очни болести, на истакнати офталмолози од неколку регионални центри во Македонија, како и на повеќе офталмолошки институции во државата.

Прославувањето на јубилејот беше збогатено со промоцијата на првиот број на списанието „Македонско списание за офталмологија“ (Macedonian Journal of Ophthalmology), специјализирано научно списание на Здружението на офталмолозите на Македонија со меѓународен Уредувачки одбор.

Во рамките на работниот дел на симпозиумот, кој беше посветен на глаукомот, се одржаа 8 стручни презентации со меѓународни и домашни предавачи. Особено треба да се истакне фактот дека на овој симпозиум учествуваа експерти за глауком со исклучително висок меѓународен рејтинг, како: проф. д-р Шломо Меламед од Израел, проф. д-р Анастасиос Констас од Грција, проф. д-р Параскева Хентова-Сенчаниќ од Србија и доц. д-р Барбара Цвенкел од Словенија. Исто така, евидентирано беше и присуството на д-р Лукан Мишев од Бугарија и на домашните предавачи проф. д-р Весна Димовска Јорданова и доц. д-р Каролина Блажевска Бужаровска.

Генерален спонзор на симпозиумот беше компанијата „Алкон“, а својот придонес го дадоа и компаниите: „Атлантик-група“, „Унимед фарма“, „Септима“, „Јадран“ - Галенска лабораторија и „Хемофарм“.

На симпозиумот присуствуваа околу 120 учесници, а истиот беше акредитиран во рамките на КМЕ при Лекарската комора на Македонија.

Скопје, ноември 2014 год.

УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

МАКЕДОНСКО СПИСАНИЕ ЗА ОФТАЛМОЛОГИЈА (МЈО) претставува официјално специјализирано списание на Здружението на офталмолозите на Македонија. Во списанието се публикуваат трудови и соопштенија од областа на клиничката и експериментална офталмологија, физиологија на окото, како и од историјатот на офталмологијата. Во списанието можат да се публикуваат и трудови од сродни медицински гранки што ги исполнуваат критериумите предвидени со ова упатство.

Покрај наведените категории, МЈО објавува и ревијални трудови, компилациски и казуистички трудови, прикази на случаи, значајни соопштенија и известувања од здравствените установи, рецензии на научни публикации и учебни помагала, извештаи од конгреси и значајни офталмолошки манифестации одржани во земјата и странство, како и други видови релевантни офталмолошки информации.

Во списанието Македонско списание за офталмологија се објавуваат трудови што не се претходно публикувани или прифатени за публикување во друго офталмолошко списание.

Списанието има меѓународен Уредувачки одбор.

Конечната одлука за избор и прифаќање за објавување на определен труд ја носи главниот и одговорен уредник на списанието врз основа на претходна позитивна анонимна рецензија од назначени рецензенти / или со одлука на Уредувачкиот (Редакциски) одбор. Сите трудови предадени за печатење задолжително треба да бидат напишани според пропозициите на списанието. Во спротивно, трудовите може да им бидат вратени на авторите за коригирање според пропозициите пред да бидат предадени за рецензија. Доколку постои значајно отстапување од предвидените пропозиции, трудовите може да бидат вратени на авторите без дополнително разгледување и рецензирање.

Во списанието се објавуваат трудови само врз основа на позитивна анонимна рецензија од двајца рецензенти (по потреба може да биде ангажиран и трет рецензент). Изборот на рецензентите го прави Уредувачкиот одбор од страна на потврдени еминентни офталмолози - експерти од соодветни подрачја од офталмологијата (препорачливо со академски и наставен статус). Оценката на рецензентите е анонимна и самостојна, а за веродостојноста на фактите и резултатите во трудот, комплетната одговорност ја носат авторите.

Текстот подготвен за печатење во електронска форма се испраќа до главниот уредник на следната електронска адреса: **zom.mjo@gmail.com**.

Заедно со трудот се испраќа и писмо со намера за објавување, како и потпишана потврда од сите автори дека трудот претходно не е објавуван на друго место.

Заедно со примерок од текстот се испраќа и комплетната документација во форма на слики, шеми, табели и графикони. Притоа, посебно треба да биде испратен текстот, а секој од прилозите во форма на посебен додаток.

Трудот треба да биде напишан во А4 формат**, само од едната страна,** со користење на проред. На една страница да бидат испечатени **30 реда**, со користење на фонтот **Arial, големина 11, со проред 1,5.** Од левата страна на текстот треба да постои слободна маргина со широчина од **3** см, а од десната страна **2** см. Страниците треба да бидат обележани со редни броеви почнувајќи од насловната страна, и тоа во долниот десен агол на секоја страница.

Оригиналните трудови во кои се презентираат научноистражувачки студии со обработени резултати, не треба да бидат подолги од 6 страници заедно со прилозите. Ревијалните трудови, прикази на случаи, хируршки техники и други видови трудови што отстапуваат од вообичаената композиција на трудот, не треба да бидат подолги од **4 страници** заедно со прилозите.

Во текстот на соодветен начин треба да се обележи местото за секој прилог (слика, графикон, табела и др.) или, пак, прилозите да бидат внесени на соодветното место во текстот. Меѓутоа, прилозите во текстот ќе бидат копирани од посебно доставените фајлови.

Податоците од цитираната литература треба да бидат обележани со арапски броеви ставени во заграда според редоследот на појавување (цитирање) во текстот.

Текстот на трудот треба да е напишан прегледно и јасно на македонски или на англиски јазик, со користење на што помал број кратенки. Целиот наслов на кратенката треба да биде даден при првото појавување во текстот, а кратенката дадена во заграда (на пример, фундус флуоресцеинска ангиографија - ФФА). За долгите наслови, понатаму во текстот може да се користи само кратенката. Не е дозволено користење кратенки за знаците и симптомите на болестите, како и за анатомските и хистолошките поими. Задолжително е користење на меѓународните системи на мерни единици и стандардни меѓународно прифатени термини. За лековите треба да се користат генеричките имиња, а кога станува збор за споменување на медицинска опрема, апарати и инструменти, во заграда пожелно е да се наведе и името на производителот.

Оригиналниот труд предаден за печатење треба да ги содржи следните составни делови: кратка содржина (резиме**) со клучни зборови на јазикот на кој е напишан трудот, вовед,** цел на трудот, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучок и список на користена литература, резиме на англиски јазик, доколку е трудот пишуван на македонски јазик, или резиме на македонски јазик, доколу е трудот напишан на англиски.

Насловна страница: Тоа е првата страница на трудот, и таа треба да ги содржи следниве елементи: наслов на трудот (не треба да биде премногу долг): цело име и презиме на сите автори***;*** цел назив на институцијата/ институциите во кои е изработен трудот; име и целосна адреса на авторот одговорен за кореспонденција, како и неговата електронска адреса. Доколку има повеќе автори од различни институции, треба да се направи индексирање на авторите и установите со соодветни броеви во суперскрипт.

Кратка содржина (резиме**) и клучни зборови**: На втората страница од трудот се пишува само насловот на трудот без името на авторот / авторите и институцијата од која потекнува трудот, а под насловот се пишува кратка содржина на јазикот на кој е пишуван трудот. Резимето не смее да содржи повеќе од ***150-170 збор***а и треба да биде конципиран на соодветен начин да укажува на проблемот што се обработува во трудот. Во резимето треба да се содржани основните резултати и најважните заклучоци на истражувањето. Притоа, посебно треба да бидат акцентирани новите сознанија и ставови или фактите што претставуваат оригинален придонес за соодветниот проблем.

Под резимето треба да бидат наведени ***3-6 клучни збор***а што овозможуваат индексирање на трудот.

Доколку во трудот се презентираат експерименти на животни и проспективни клинички студии на пациенти или волонтери, мораат да бидат спроведени во склад со принципите на добра клиничка, лабораториска и добра научна практика, како и според важечките меѓународни документи и конвенции (Хелсиншка конвенција), за што во прилог на трудот треба да биде приложена соодветна согласност од надлежниот Етички комитет, а во трудот треба задолжително да биде наведено дека истражувањата се вршени во склад со овие документи.

При пишување определени категории трудови (ревијални, прикази на случаи, презентација на хируршка метода/техника и сл.), дозволено е да се отстапи од наведената вообичаена композиција на трудот, при што концепцијата на ваквите трудови мора да биде соодветно усогласена со пропозициите на списанието.

На пример, кога се работи за приказ на случај, наместо поглавјето „Материјал и методи“, ќе се наведе поглавјето „Приказ на случај“, а тоа се однесува и на другите случаи кога се отстапува од вообичаената концепција на трудот.

Литература: Списокот на користена литература се приложува заедно со текстот на посебна страница, а референците се означуваат со соодветен реден број и се наведуваат според редоследот на цитирање. За наведувањето на литературата се користат правилата на Ванкуверската конвенција.

Резиме и клучни зборови на англиски јазик: Ако текстот е пишуван на македонски јазик, на последната страница на трудот се пишува насловот на трудот на англиски јазик, имињата на авторите, насловот на институцијата од која потекнува трудот, како и превод на текстот на кусата содржина (резиме) на англиски јазик. Имињата на авторите не се транскрибираат, а насловот на установата задолжително се преведува на англиски јазик. Овој дел на трудот задолжително треба да биде лекториран од лектор за англиски јазик. Под текстот на резимето треба да бидат наведени **3-6 клучни збор**а на англиски јазик, кои служат за индексирање на трудот.

Прилозите во трудот во форма на графикони, слики, табели, цртежи или фотографии не треба да се внесуваат во текстот на трудот, туку се испраќаат како засебни додатоци обележани во горниот лев агол како „Прилог“ и со реден арапски број. Секој прилог се обележува со арапски бореви според редоследот на појавување во текстот (на пример, Табела 1, Слика 1. и сл.) и за секој прилог се дава краток наслов.

Доколку прилогот (табела, слика, фотографија) е позајмен од друго место, треба да се цитира изворот и да се приложи писмено одобрување доколку се работи за заштитен материјал.

Стандардна статија во списанието – цитирање на литературата: Треба да се наведат првите 6 автори, а доколку се повеќе, по шестиот автор се додава и сор., односно **et al.**, во зависност од тоа на кој јазик е напишана референцата.

- Vega KJ, Pina I, Krevsky B. Heart transplantation is associated with an increased risk for pancreatobiliary disease. Ann Intern Med 1996; 124(11):980-3.
- Parkin DM, Clayton D, Black RJ, Masuyer E, Friedl HP, Ivanov E, et al. Childhood—leukaemia in Europe after Chernobyl: 5 year follow-up. Br J Cancer 1996;73:1006-12.

Уредувачкиот одбор нема обврска трудовите да ги објавува според редоследот на доставување, туку според проценката за поширокото значење и интерес за содржината презентирана во трудот.

Трудовите што не ги исполнуваат критериумите за публикување не им се враќаат на авторите, кои писмено, во електронска форма се известуваат за неприфаќање на трудот. Објавените трудови се чуваат во архивата на списанието Македонско списание за офталмологија.

Уредувачкиот одбор однапред се заблагодарува за интересот и соработката и им стои на располагање на сите заинтересирани автори.

Воедно, им посакува успех на сите потенцијални идни автори.

Уредувачки одбор на списанието
Македонско списание за офталмологија

GUIDELINE FOR AUTHORS

MACEDONIAN JOURNAL OF OPHTHALMOLOGY (MJO) represents an official specialized magazine of the Macedonian Association of ophtalmologists. In this magazine are published articles and announcements in the area of clinical and experimental ophthalmology, physiology of the eye, as well as from history of ophthalmology. Also, the magazine can publish articles from related medical branches which meet the criteria foreseen with this guideline.

Besides the above mentioned categories of articles, MJO also publishes reviews, compilation and casuistic articles, case reports, important announcements and notifications from health care institutions, reviews of scientific publications and textbooks, reports from congresses and significant ophthalmologic events held in the country and abroad, as well as other types of relevant ophthalmologic information.

Macedonian Journal of Ophthalmology Magazine publishes articles which previously have not been published or accepted for publication in some other ophthalmologic magazine.

The Magazine has an International Editorial Board.

The final decision for selection and acceptance for publishing of a particular article is carried by the Editor in chief of the magazine, based on previous positive anonymous recension by appointed reviewer/or a decision of the Editorial Board. All articles submitted for publishing should obligatory be written according to the propositions of the magazine. In contrary, the articles may be returned to the authors for corrections according to the propositions, before they are submitted for recension. If there is a significant deviation from the foreseen propositions, articles may be returned to the authors without additional review and recension.

In the magazine are published only articles based on positive anonymous recension by two reviewer (at request a third reviewer can be also engaged). The selection of reviewer is done by the Editorial Board among proved eminent ophthalmologists - experts from respective areas of ophthalmology (recommendable with academic and educational status). The evaluation grade made by the reviewer is anonymous and independent, and for the authenticity of the facts and results in the article, the complete responsibility is carried by the authors.

The text prepared for publishing and printing is sent to the Editor in chief in electronic form on following e-mail address: **zom.mjo@gmail.com.**

Along with the article letter with the intention for publication is also sent, as well as a duly signed confirmation by all authors that the article previously has not been published anywhere else.

Along with the text, complete documentation is also submitted such as photos, schemes, tables and graph icons.

At the same time, the text should be sent separately, and each of the additions should be in the form of a separate attachment.

The article should be written on **A4** format, **one sided**, with line spacing, containing **30 lines** on one page, using **Arial font**, **size 11**, with **line spacing 1,5**. On the **left side** of the text there should be free margin width of **3cm**, and on the right side **2 cm**. The pages should be marked with page **numbers** starting from the front page and in the **lower right corner** of every page.

Original articles in which are presented scientific research studies and elaborated results should not be longer **than 6 pages** including the attachments.

Reviews, case reports, surgical techniques, and other types of article which deviate from the usual composition of the article should not be longer than **4 pages** including attachments.

In the text of the article in an appropriate manner the place for each attachment should be marked (picture, graphicon, table etc.) or the attachments should be incporporated in an appropriate place in the text. Still, the attachments in the text will be copied from separately submitted files. The information referring to the literature which are quoted in the article should be marked with

Arabic numbers and placed in brackets in accordance with order of appearance (quotation) in the text.

The text of the article should be written concisely and clearly, in Macedonian and English, using as less as possible abrevations. The whole title of the abbreviation should be given upon first appearance in the text, and the abbreviation placed in brackets (example – Fundus Fluorescent Angiography) (FFA) and for long titles further in the text only the abbreviation can be used. It is not allowed to use abbreviations for symbols and symptoms of the diseases, as well as for anatomic and histological terms.Mandatorily is the usage of international systems of measure units and standard internationally accepted terms. For the drugs generic names should be used, and when referring to medical equipment, devices and instruments, in brackets it is desirable the name of the producer to be indicated.

The original article submitted for publishing should be consisted of the following constituents: **short summary (abstract) using keywords of the language on which the article is written, introduction, purpose of the article, material and methods, results, discussion, conclusion and list of used references, abstract** in English if the article is written in Macedonian, or abstract in Macedonian if the article is written in English.

Cover page: That is the first page of the article and should contain the following elements: ***title of the article*** (should not be too long): **full name and surname of all authors: full name of the institution/institutions in which the article abstract was prepared; full name and address of the author responsible for correspondence, as well as his e-mail address.** If there are more authors from different institutions, indexing should be made of authors and institutions with respective numbers in superscript.

Short summary (abstract) and keywords: On the second page of the article only the title of the article is written without the name of the author(s) and the institution from which the article derives. Under the title short summary is written in the language in which the article is written. The abstract should not contain more than ***150-170 words*** and should be conceptualized in an appropriate manner so that it indicates the problem which is elaborated in the abstract. In the abstract basic results and most important conclusions of the research should be contained Thus, particular attention should be set on the new information and standpoints or facts which represent original contribution for the respective problem.

Under the abstract **3-6 key words** should be listed that will enable indexing of the article.

If in the article are presented experiments on animals and prospective clinical studies of pacients or volunteers, they must be conducted in accordance with the pricinples of good clinical practice, good laboratory practice, and good scientific practice, as well as in accordance with the international documents and Conventions in force (the Helsinki Convention - World Medical Association Declaration of Helsinki, adopted October 2000), regarding which in the article appropriate consent from the competent Ethical Committee should be attached, and in the article it is mandatorily to be indicated that the surveys are conducted in accordance with these documents.

Upon writing certain categories of articles (reviews, case reports, presentation of surgical methods/ techniques etc.), it is allowed to deviate from the above mentioned composition of the article, whereupon the concept of these articles must be appropriately harmonized with the propositions of the MJO magazine.

For example when it comes to case report, instead of the chapter “Material and methods” it will indicate chapter “Case Report” and respectively in all other cases when there is deviation from the common concept of the article.

References: The list of used literature is attached along with the text on a separate page, and references are marked with an appropriate sequence number and are listed in accordance with the order of quotation. Regarding the mentioning of literature rules of Vancouver Convention are applied.

Abstract and key words in English: If the text is written in Macedonian, on the last page of the article the title of the article is written in English, the names of the authors, the title of the institution from which the article derives, as well as translated text of the short summary (abstract) in English. The names of the authors are not transcribed, and the title of the facility is mandatorily translated in English. This part of the abstract mandatorily should be proofread by proof-reader for English. Under the text of the abstract 3-6 key words should be indicated in English which have the purpose for indexing the article.

Attachments in the article in the form of graphicons, pictures, tables, drawings or photographs should not be incorporated in the text of the article, thus they are submitted in electronic form on separate attachments and ordinal Arabic numerals. Every attachment is marked with Arabic numbers in accordance with the order of appearance (for example Table 1, Figure 1. etc.) and for every attachment short title is given. If the attachment (table, picture, and photograph) is borrowed from another place, the source should be quoted and written approval to be submitted, if it is the case of protected material.

Standard journal article - quoting the references

First 6 authors should be stated, and if this number is bigger, after the sixth cop is added, respectively **et al**, is added, depending on the language in which reference is written.

- Vega KJ, Pina I, Krevsky B. Heart transplantation is associated with an increased risk for pancreatobiliary disease. Ann Intern Med 1996; 124(11):980-3.
- Parkin DM, Clayton D, Black RJ, Masuyer E, Friedl HP, Ivanov E, et al. Childhood—leukaemia in Europe after Chernobyl: 5 year follow-up. Br J Cancer 1996;73:1006-12.

Editorial Board is not obligated to publish the articles in order of submission, but according to the assessment of the broader importance and interest to the content presented in the article.

Articles that do not fulfill the criteria for publication will be returned to the authors that would be informed trough the corresponding e-mail address.

The published articles are not returned and are stored in the archives of the magazine Macedonian Journal of Ophthalmology (MJO).

Editorial Board thanks in advance for the cooperation and is at disposal to all interested authors. Also, Editorial Board wishes success to all potential future authors.

Editorial Board of the magazine
Macedonian Journal of Ophthalmology

КАЛЕНДАР НА ПОВАЖНИ СТРУЧНИ НАСТАНИ
во текот на 2015 година

Национални стручно-научни настани

- **Стручен состанок на Здружението на офталмолози на Македонија**
  - *25.03.2015, Скопје*
  Тема: Дијабетична ретинопатија - растечки предизвик во офталмологијата
  Покровител: Bayer Health Care
- **Стручен состанок на Здружението на офталмолози на Македонија**
  - *22.04.2015, Скопје*
  Тема: Контактологија
  Покровител: UnimedPharma
- **Стручен состанок на Здружението на офталмолози на Македонија**
  - *22.05.2015, Скопје*
  Тема: Глауком
  Покровител: Evropa Lek Pharma
- **Меѓународен офталмолошки симпозиум**
  - *ноември 2015, Скопје*
  Организатор: Здружение на офталмолози на Македонија
- **XIX Конгрес на лекарите на Македонија,**
  1- 3.10.2015, Скопје

Меѓународни офталмолошки настани

- **II конгрес на глаукоматолози на Србија,** *15 - 16. 5. 2015, Копаоник*
- **Прв конгрес на офталмолозите на Република Српска со меѓународно учество,** *29 - 31. 05. 2015, Биелина, Босна и Херцеговина*
- **Европски офталмолошки конгрес (SOE),** *6 - 9. 6. 2015, Виена, Австрија*
- **VI конгрес на Европската асоцијација за корнеа (EuCornea),** *4 - 5. 9. 2015, Барцелона, Шпанија*
- **XII конгрес на катаракта и рефрактивна хирургија (ESCRS),** *5 - 9. 9. 2015, Барцелона, Шпанија*
- **XV конгрес на Европска асоцијација за ретина (EuRetina),** *17 - 20. 9. 2015, Ница, Франција*
- **XVI конгрес на офталмолозите на Србија,** *24 - 27. 9. 2015, Суботица*
- **Прв конгрес на офталмолозите на Црна Гора и XII конгрес на офталмолозите на Југоисточна Европа (SEEOS),** *15 - 18. 10. 2015, Бечиќи, Будва, Црна Гора*

www.zom.mk
e-mail: macjophthalmol@zom.mk

V^ТИ МАКЕДОНСКИ МЕЃУНАРОДЕН ОФТАЛМОЛОШКИ СИМПОЗИУМ

- Скопје 15 ноември 2014 година

DIETPHARM

...бидејќи телото го препознава најдоброто!

Со Макулин и Макулин плус подобро се гледа!

Со додавање на омега–3 масни киселини Макулин плус уште повеќе го заштитува Вашиот вид!

За превенција од оштетување на макулата и очната мрежа

При напрегање на очите и за заштита на видот

Зголемена концентрација на лутеин и зеаксантин –додаток на витамин Ц, Е и цинк

Во само 1 капсула на ден.

FloraGLO LUTEIN®

DIETPHARM

Атлантиц Траде Скопје д.о.о.
Шар Планина б.б., 1000 Скопје – Македонија
тел.: ++389 (0)2 20 34 700 • факс.: ++389 (0)2 20 34 744
www.dietpharm.hr

ATLANTIC GRUPA

НАУКА ЗА КОМФОРОТ

SYSTANE® ULTRA лубрикантни капки за очи

75%

Гледање на ТВ и работа на компјутер подолго и поудобно

75%

Читање подолго и поудобно

61%

Поудобно ноќно возење

Да се ослободите од суво око никогаш не било полесно

Острината на гледањето се влошува побрзо кај пациентите со суво око !
Анкета направена кај повеќе од 3000 пациенти со суво око потврдува дека Systane Ultra лубрикантни капки за очи кај овие пациенти им ги подобрува комфортот и визуелните перформанси.

Alcon®
a Novartis company

Mk-Ph-009/06/2014

Systane® ULTRA
Лубрикантни капки за очи